# ГОДИШЕН КОНКУРС
## за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство за 2026 година со Пријава за проект од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство за 2026 година

Министерството за култура и туризам во 2026 година ќе ги поддржи следниве видови проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство:

## I. ВИДОВИ ПРОЕКТИ

| **1.** | **Истражувачки проекти** | **Максимален износ на финансиска поддршка** |
|---|---|---|
| 1.1. | Конзерваторски истражувања и изработка на конзерваторски проект за движно културно наследство (за овие проекти може да конкурираат само локални музеи) | **до 200 000 денари** |
| 1.2. | Археолошки истражувања | **до 300 000 денари** |
| 1.3. | Истражување, валоризација/ревалоризација на музејски збирки, изработка на елаборати за валоризација на нематеријално културно наследство (за овие проекти може да конкурираат само локални музеи и овластени субјекти за заштита на нематеријално културно наследство) | **до 100 000 денари** |
| **2.** | **Конференции, едукативни проекти и работилници** | |
| 2.1. | Организација и реализација на конференции, симпозиуми од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (за овие проекти може да конкурираат само правни субјекти) | **до 300 000 денари** |
| 2.2. | Организација и реализација на едукативни и/или стручни работилници од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство | **до 200 000 денари** |
| 2.3. | Организација и реализација на едукативни проекти наменети за инклузија на лица со попреченост, на лица во социјален ризик и на маргинализирани групи | **до 150 000 денари** |
| **3.** | **Заштита и чување на културното наследство** | |
| 3.1. | Вршење конзерваторско-реставраторски работи (за овие проекти може да конкурираат само иматели на движно културно добро и локални музеи кои во рамките на институцијата имаат овластени конзерватори или, пак, имаат | **до 200 000 денари** |

ПРИМЕРОК

| | | |
|---|---|---|
| | склучен договор со овластен конзерватор од друга музејска институција) | |
| 3.2. | Збогатување (откуп) и водење на музејски збирки (за овие проекти може да конкурираат само локални музеи) | **до 200 000 денари** |
| 3.3. | Унапредување на условите во музеите за соодветно депонирање и изложување на музејските збирки (за овие проекти може да конкурираат само локални музеи) | **до 400 000 денари** |
| 3.4. | Заштита на нематеријалното културно наследство преку создавање фонотечни записи (за овие проекти може да конкурираат само овластени субјекти за заштита на нематеријално културно наследство) | **до 200 000 денари** |
| **4.** | **Презентација и промоција на културното наследство** | |
| 4.1. | Организација и реализација на изложби од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство | **до 200 000 денари** |
| 4.2. | Подготовка и издавање на публикации од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (завршени истражувачки трудови, каталози, монографии, списанија, збирки итн.) | **до 250 000 денари** |
| 4.3. | Организација и реализација на проекти и програми за презентација и негување на нематеријалното културно наследство (за овие проекти може да конкурираат само овластени субјекти за заштита на нематеријално културно наследство и носители, односно преносители на нематеријално културно наследство, кои како такви се евидентирани со актот за заштита) | **до 350 000 денари** |
| 4.4. | Организација и реализација на проекти и програми за презентација и негување на нематеријалното културно наследство со меѓународен натпреварувачки карактер | **до 700 000 денари** |
| 4.5. | Популаризација и промоција (на стандарден и/или иновативен начин) на различните видови културен туризам | **до 350 000 денари** |
| 4.6. | Традиционални карневали | **до 1 500 000 денари** |

ПРИМЕРОК

ЗАБЕЛЕШКИ:

**Министерството за култура и туризам нема да финансира проекти во кои музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство, програмски и концепциски, не се основа на проектот.**

**Министерството за култура и туризам нема да финансира трошоци за исплаќање комунални, сметководствени и телекомуникациски услуги, како и за набавка (купување) на техничка опрема и мебел.**

**Министерството за култура и туризам нема да финансира настани што ќе се реализираат во кафетерии, дискоклубови и казина.**

## II. ПРИОРИТЕТИ

### 1. <u>За истражувачки проекти</u>

За да може проектот да биде оценуван од страна на стручна комисија, со пријавениот проект треба да се исполни најмалку 1 (еден) од следниве приоритети, <u>во согласност со видот на проектот:</u>

– Конзерваторски истражувања и изработка на конзерваторски проекти на движно културно наследство со приоритет на наследството со најголема вредност и значење или со повисок степен на загрозеност.

– Поддршка на веќе започнати археолошки истражувања, обработка на документација и движни наоди од претходни и/или тековни археолошки истражувања и објавување на резултатите од археолошките истражувања.

– Поттикнување за собирање, документирање, идентификување, истражување, интерпретација, заштита и управување на движното и на нематеријалното културно наследство.

### 2. <u>За конференции, едукативни проекти и работилници</u>

За да може проектот да биде оценуван од страна на стручна комисија, со пријавениот проект треба да се исполни најмалку 1 (еден) од следниве приоритети, <u>во согласност со видот на проектот:</u>

– Унапредување на стручното знаење и стручното работење во музеите.

– Безбедносна заштита на движното културно наследство, преземање мерки за спречување на нелегалната трговија со културното наследство.

– Презентирање и негување на нематеријалното културно наследство.

– Стимулирање на музејската едукација за поттикнување на интересот за музејската дејност кај децата, младите.

– Организација и реализација на едукативни проекти наменети за инклузија на лица со попреченост, на лица во социјален ризик и на маргинализирани групи, подносителите на апликацијата треба да:

- се носители на лиценци за професионални организации и соработници кои имаат стекнато лиценца за работа со лица со попреченост, со лица во социјален ризик и со маргинализирани групи, издадени од соодветните институции од областа;
- имаат реализирано најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години (овој услов не важи за локалните установи).

### 3. <u>За заштита и чување на културното наследство</u>

За да може проектот да биде оценуван од страна на стручна комисија, со пријавениот проект треба да се исполни најмалку 1 (еден) од следниве приоритети, <u>во согласност со видот на проектот:</u>

ПРИМЕРОК

– Заштита на движното културно наследство преку обезбедување конзерваторско-реставраторски работи и активности, со акцент на најголема вредност и значење и со висок степен на загрозеност.
– Превентивна конзервација на движни предмети и обезбедување соодветни услови за чување на музејските збирки.
– Поддршка на откуп и водење на музејски збирки со цел промовирање и презентирање на музејското културно наследство.
– Создавање услови за соодветно депонирање, изложување, чување и подобрување на музејските збирки на постојани поставки преку нивно реконципирање, научно валоризирање и ревалоризирање и технолошко осовременување.
– Инвентаризирање на музејските предмети и изработка на музејска документација, дигитализација на документацијата и вмрежување на веќе создадените бази на податоци.
– Поддршка за заштита и промоција на нематеријалното културно наследство.
– Одржливост, негување и пренесување на нематеријално културно наследство.

4. <u>За презентација и промоција на културното наследство</u>
За да може проектот да биде оценуван од страна на стручна комисија, со пријавениот проект треба да се исполни најмалку 1 (еден) од следниве приоритети, <u>во согласност со видот на проектот:</u>
– Јавно промовирање на културното наследство, со акцент на наследството од најголемо значење, преку соодветни изложби, виртуелни прошетки, 3Д-презентации, холограми и сл.
– Промовирање на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство како средишна точка на обединување, размена на заеднички вредности, односно промовирање на културното наследство на различните етнички заедници како потенцијал за интеркултурен дијалог.
– Презентација и интерпретација на музејските содржини за лицата со попреченост.
– Популаризација и подигнување на свеста за значењето на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.
– Презентација на можностите за развивање одржлив културен туризам.
– Создавање и публикување стручна литература од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.
– Едукација и чување на старите традиционални игри.
– Популаризација и промоција на различните видови културен туристички потенцијал (музејски, галериски, археолошки, историски, уметнички, изложби, фестивалски, етно и традиционални игри и туризам).
– Популаризација и промоција на традиционални карневали.

## III. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА КОНКУРСОТ
За да може проектот да биде оценуван од страна на стручна комисија, подносителот на пријавата треба да ги исполни следниве:

<u>А) ОПШТИ УСЛОВИ</u>
• Да е државјанин на Република Северна Македонија (за физички лица).

ПРИМЕРОК

• Да е регистриран во Централниот регистар на Република Северна Македонија, со исклучок на единиците на локалната самоуправа, локалните установи и другите правни лица чиј основач е Република Северна Македонија (за правни лица).
• Да има документ со кој се потврдува учеството на наведените учесници и соработници во проектот (освен кога носителот на проектот не пријавил други учесници или соработници).
• Да има обезбедено простор за реализација на изложби, конференции, едукативни проекти и работилници.
• Да ги има регулирано авторските права (доколку од проектот произлегува обврска за регулирање на авторските права).
• Да има официјална покана за учество (доколку проектот се реализира врз основа на покана).
• Да има договор за соработка (доколку проектот се реализира врз основа на договорена соработка).

<u>Б) ПОСЕБНИ УСЛОВИ ПО ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ПРОЕКТИ</u>

**Подносителот на проектот од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство во целост треба да ги исполни наведените посебни услови:**

<u>**1. За истражувачки проекти:**</u>

**1.1. За конзерваторски истражувања и изработка на конзерваторски проект на движно културно наследство (за овие проекти може да конкурираат само локални музеи) со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**

– Да има изјава од сопственикот или договор за уредување на меѓусебните односи за непречено извршување на истражувањата.
– Да има изјава од овластен конзерватор за учество во проект или договор со надлежната установа во согласност со закон.

**1.2. За археолошки истражувања со максимален износ на финансиска поддршка до 300 000 денари**

– Да има реализирано или учествувано во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години (овој услов не важи за локалните музеи).
– Да има склучено договор со надлежната јавна установа за заштита на чие подрачје ќе се вршат археолошките истражувања со кој се регулира учеството на установата при преземање мерки на превентивна заштита за движните наоди.
– Да има склучено договор со јавната музејска установа на чие подрачје ќе се вршат истражувањата со кој се регулира привременото чување на наодите до нивното предавање на надлежната музејска установа.
– Да приложи доказ дека археолошките истражувања се почнати во претходни години (извештај/ изјава).

**1.3. За истражувања, ревалоризација на музејски збирки, изработка на елаборати за валоризација на нематеријално културно наследство (за овие проекти може да конкурираат само локални музеи и овластени субјекти за заштита на нематеријално културно наследство), со максимален износ на финансиска поддршка до 100 000 денари**

ПРИМЕРОК

– Да ги исполнува условите утврдени со закон.

<u>2. За конференции, едукативни проекти и работилници:</u>

**2.1. За организација и реализација на конференции, симпозиуми од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство со максимален износ на финансиска поддршка до 300 000 денари**

– Да има реализирано или учествувано во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.

**2.2. За организација и реализација на едукативни и/или стручни работилници од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**

– Да има реализирано или учествувано во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.

**2.3. За организација и реализација на едукативни проекти наменети за инклузија на лица со попреченост, на лица во социјален ризик и на маргинализирани групи, со максимален износ на финансиска поддршка до 150 000 денари**

<u>Подносителите на апликацијата треба да:</u>

- се носители на лиценци за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита издадени од соодветните институции од областа;

– имаат реализирано најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години (овој услов не важи за локалните установи од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство).

<u>3. За заштита и чување на културното наследство од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство:</u>

**3.1. Вршење конзерваторско-реставраторски работи (за овие проекти може да конкурираат само иматели на движно културно добро и локални музеи) со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**

– Да ги исполнува условите утврдени со закон.

**3.2. Збогатување (откуп) и водење на музејски збирки (за овие проекти може да конкурираат само локални музеи) со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**

– Да ги исполнува условите утврдени со закон.

**3.3 Унапредување на условите во музеите за соодветно депонирање и изложување на музејските збирки (за овие проекти може да конкурираат само локални музеи) со максимален износ на финансиска поддршка до 400 000 денари**

– Да ги исполнува условите утврдени со закон.

ПРИМЕРОК

**3.4. Заштита на нематеријалното културно наследство преку создавање фонотечни записи (за овие проекти може да конкурираат само овластени субјекти за заштита на нематеријално културно наследство) со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**
– Да ги исполнува условите утврдени со закон.

**<u>4. За презентација и промоција на музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство:</u>**

**4.1. За организација и реализација на изложби од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**
– Да има реализирано или учествувано во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.

**4.2. За подготовка и издавање на публикации од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (завршени истражувачки трудови, каталози, монографии, списанија, збирки итн.), со максимален износ на финансиска поддршка до 250 000 денари**
– Да има издадено најмалку 1 (една) публикација од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство во последните 5 (пет) години.
– За издавање публикации треба да се исполнат и посебните услови предвидени со Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност за 2026 година.

**4.3. За организација и реализација на проекти и програми за презентација и негување на нематеријалното културно наследство (за овие проекти може да конкурираат само овластени субјекти за заштита на нематеријално културно наследство и носители, односно преносители на нематеријално културно наследство, кои како такви се евидентирани со актот за заштита), со максимален износ на финансиска поддршка до 350 000 денари**
– Да има реализирано или учествувано во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.

**4.4. Организација и реализација на проекти и програми за презентација и негување на нематеријалното културно наследство со меѓународен натпреварувачки карактер, со максимален износ до 700 000 денари**
– Да има реализирано или учествувано во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.
– Да има решение за прогласување на нематеријално културно наследство/акт за прогласено нематеријално културно наследство.
– Да има учество на најмалку три држави.
– Да биде во времетраење од најмалку 3 дена.

ПРИМЕРОК

**4.5. Популаризација и промоција (на стандарден и/или иновативен начин) на различните видови културен туризам со максимален износ на финансиска поддршка до 350 000 денари**
– Да има реализирано или учествувано во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.

**4.6. Традиционални карневали со максимален износ на финансиска поддршка до 1 500 000 денари**
– Да има реализирано или учествувано во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.

## IV. КРИТЕРИУМИ И МЕРИЛА ВРЗ ЧИЈА ОСНОВА ЌЕ СЕ ВРШИ ОЦЕНА НА ПРОЕКТИТЕ

**Стручна комисија ќе врши оцена на проектите врз основа на следниве критериуми:**

1. Квалитет на содржината на проектот.
2. Човечки ресурси.
3. Финансиска оправданост.

**Горенаведените критериуми ќе се оценуваат според следниве мерила:**

1. **Квалитет на содржината на проектот – до 70 бода**
   Квалитетот на проектот ќе се цени преку стручна релевантност, аргументираност, видливост, влијание врз општествените текови, оригиналност, актуелност и употреба на нови технологии.
2. **Човечки ресурси – до 15 бода**
   Човечките ресурси ќе се ценат преку искуство во струката и реализирани проекти во меѓународни, национални и во локални рамки.
3. **Финансиска оправданост – до 15 бода**
   Финансиската оправданост ќе се цени преку реални проекции за висината на вкупните трошоци за реализација на проектот, како и реален баланс меѓу авторските хонорари и другите трошоци за реализација на проектот.

## V. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

За да може да биде избран и финансиран како проект од национален интерес во културата, проектот треба да добие најмалку 40 бод, од вкупно 100 бода, во согласност со критериумите и мерилата врз чија основа е извршена оцена на проектите, а во согласност со наведените суми во зависност од видот на проектот.

Министерството за култура и туризам ќе учествува во финансирањето на проектот со најмалку 40 % од средствата во максимален износ во денари утврдени по видови проекти од глава I. Видови проекти од овој годишен конкурс.

По исклучок, доколку проектот добие најмалку 40 бод, а побараните средства се пониски од износот на 40 % од средствата што би требало да се одобрат, Министерството за

култура и туризам го задржува правото да учествува во финансирање на проектот, но не во износ повисок од побараната сума од корисникот.

Вкупниот Буџет за сите видови проекти ќе се утврди по донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

| | |
|---|---|
| **РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ** | |
| **ПРИЈАВА<br>за проект од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство за 2026 година** | |
| **1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА** | |
| Име на физичкото лице:<br>Презиме на физичкото лице: | Целосен назив на правното лице (во согласност со регистрацијата): |
| Адреса: | Адреса: |
| Телефон: | Телефон: |
| Електронска адреса: | Електронска адреса: |
| Веб-страница: * | Веб-страница: * |
| Пол: | Единствен даночен број на правното лице: |
| Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ): | Име и презиме на одговорното лице во правното лице: |
| Активна трансакциска сметка: | Активна жиро сметка: |
| Возраст (во моментот на аплицирање): | Име и презиме на носителот на проектот: |
| | Пол: |
| | Возраст (во моментот на аплицирање): |

| |
|---|
| **2. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ** |
| Дејности (да се обележи квадратот):<br>☐ музејска дејност<br>☐ заштита на нематеријално културно наследство |
| Целосен наслов на проектот: |
| Место/а на одржување на проектот: |
| 1. |
| 2. |

ПРИМЕРОК

ПРИМЕРОК

| 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ | |
|---|---|
| 3.1. Вкупен буџет на проектот | |
| 3.2. Побарани средства од Министерството за култура и туризам во согласност со максималниот утврден износ по видови проекти | |
| 3.3. Други извори на финансирање на проектот | |
| 3.4. Вид на проектот (да се наведе видот на проектот од глава I. од Годишниот конкурс) | |
| 3.5. Место (простор), град на одржување | |
| 3.6. Време (период, датум) и времетраење (во денови) на проектот | од ___________ до _____________ / ________ денови |
| 3.7. Носител на проектот (име и презиме, телефон за контакт и е-адреса) | |
| | |
| 3.8. Други соработници/учесници вклучени во проектот (име и презиме, ангажман, телефон за контакт и е-адреса) | |

| 4. СОДРЖИНА НА ПРОЕКТОТ |
|---|
| 4.1. Кој/кои приоритет/и од Конкурсот ги исполнува проектот (да се наведе/дат редниот/те број/еви на приоритетот/ите од глава II. од Годишниот конкурс) |
| |
| 4.2. Цели на проектот |
| |
| 4.3. Очекувани резултати |
| |
| 4.4. Опис на проектот (600 – 1000 зборови/само текст. Доколку текстот е поголем од 1000 зборови, да се прикачи како дополнителен документ) |

| 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ |
|---|
| 5.1. Општ опис за стручноста, компетентноста и уметничкиот капацитет на носителот на проектот, учесниците/соработници или портфолио за правното лице (Да се прикачат биографии, односно порфтолио како дополнителен документ) |
| |

| 6. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ПРОЕКТОТ | |
|---|---|
| 6.1. Опис на трошокот | Вредност (изразена во денари) |
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |
| Вкупен износ на потребни средства за проектот | |
| 6.1.1. Финансиски средства побарани од Министерството за култура и туризам | |
| 6.1.2. Финансиски средства обезбедени од други извори (Доколку за проектот се обезбедени финансиски средства од други извори, задолжително да се наведат изворот и износот на средствата) | |
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |

| 7. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА |
|---|
| **Задолжителни документи со кои се потврдува дека се исполнети општите услови**<br><br>☐ За физички лица: Уверение за државјанство или лична карта или пасош.<br>☐ За правни лица: Тековна состојба, што не е постара од 6 месеци, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, со исклучок на единиците на локалната самоуправа, локалните установи и другите правни лица чиј основач е Република Северна Македонија.<br>☐ Потпишана изјава/преддоговор од сите наведени учесници/соработници со која се потврдува нивното учество.<br>☐ Изјава или документ за обезбеден простор за реализација на проектот (или согласност од единиците на локалната самоуправа за користење јавен отворен простор).<br>☐ Согласност/изјава/преддоговор за регулирање на авторските права (доколку од проектот произлегува обврска за регулирање на авторските права).<br>☐ Официјална покана за учество (доколку проектот се реализира врз основа на покана).<br>☐ Договор за соработка (доколку проектот се реализира врз основа на договорена соработка).<br><br>**Задолжителни документи со кои се потврдува дека се исполнети посебните услови**<br><br>**<u>1. За истражувачки проекти:</u>** |

**1.1 Конзерваторски истражувања и изработка на конзерваторски проект за движно културно наследство (за овие проекти може да конкурираат само локални музеи) со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**

☐Професионална биографија на раководителот на проектот, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на истражувачки проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.

☐Портфолио, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (за правни лица).

☐Изјава од сопственикот или договор за уредување на меѓусебните односи за непречено извршување на истражувањата.

☐Изјава од овластен конзерватор за учество во проект или договор со надлежната установа во согласност со закон.

☐Согласност од директорот на установата во која се вработени ангажираните надворешни стручни лица (раководителот и учесниците) на проектот, со изјава на лицето дека не е вклучено во друго истражување или проект во установата во која е вработено во периодот кога треба да биде ангажирано.

☐Авторски договори со кои се потврдува реализација и /или учество во претходно реализирани проекти.

**1.2. За археолошки истражувања со максимален износ на финансиска поддршка до 300 000 денари.**

☐ Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа и/или авторски договори со кои се потврдува реализација или учество во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години (овој услов не важи за локалните музеи).

☐ Професионална биографија на раководителот на проектот, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на истражувачки проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.

☐ Портфолио, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (за правни и за физички лица).

☐ Договор со надлежната јавна установа за заштита на чие подрачје се вршат археолошките истражувања, со кој се регулира учеството на установата при преземање мерки на превентивна заштита, за движните и за недвижните наоди.

☐ Договор со јавната музејска установа на чие подрачје ќе се вршат истражувањата, со кој се регулира привременото чување на наодите до нивното предавање на надлежната музејска установа.

☐ Согласност од директорот на установата во која се вработени ангажираните надворешни стручни лица (раководителот и учесниците) на проектот, со изјава на лицето дека не е вклучено во друго истражување или проект во установата во која е вработено во периодот кога треба да биде ангажирано.

**1.3. За истражувања, ревалоризација на музејски збирки, изработка на елаборати за валоризација на нематеријално културно наследство (за овие проекти може да конкурираат**

ПРИМЕРОК

**само локални музеи и овластени субјекти за заштита на нематеријалното културно наследство) со максимален износ на финансиска поддршка до 100 000 денари.**
☐ Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа и/или авторски договори со кои се потврдува реализација или учество во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.
☐Професионална биографија на раководителот на проектот, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на истражувачки проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.
☐Портфолио, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштита на нематеријалното културно наследство (за правни лица).
☐Документација со која се потврдува дека учесникот на Конкурсот е овластен субјект за заштита на нематеријалното културно наследство.
☐Согласност од директорот на установата во која се вработени ангажираните надворешни стручни лица (раководителот и учесниците) на проектот, со изјава на лицето дека не е вклучено во друго истражување или проект во установата во која е вработено во периодот кога треба да биде ангажирано.

<u>2. За конференции, едукативни проекти и работилници:</u>
**2.1. За организација и реализација на конференции, симпозиуми од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство со максимален износ на финансиска поддршка до 300 000 денари.**
☐ Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа и/или авторски договори со кои се потврдува реализација или учество во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.
☐Професионална биографија на раководителот на проектот, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.
☐Портфолио, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (за правни и за физички лица).

**2. 2. За организација и реализација на едукативни и/или стручни работилници од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**
☐ Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа и/или авторски договори со кои се потврдува реализација или учество во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.
☐Професионална биографија на раководителот на проектот, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.
☐Портфолио, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштита на нематеријалното културно наследство (за правни и за физички лица).

ПРИМЕРОК

**2.3. Организација и реализација на едукативни проекти наменети за инклузија на лица со попреченост, на лица во социјален ризик и на маргинализирани групи, со максимален износ на финансиска поддршка до 150 000 денари**
☐ Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа и/или авторски договори со кои се потврдува реализација или учество во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.
☐Професионална биографија на раководителот на проектот, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.
☐Портфолио, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (за правни и за физички лица).
☐Лиценца за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита издадени од соодветните институции од областа.

**3. За заштита и чување на културното наследство од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство:**

**3.1. Вршење конзерваторско-реставраторски работи (за овие проекти може да конкурираат само иматели на движно културно добро и локални музеи), со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**
☐Докази за исполнување на условите утврдени со Законот за музеи, со Законот за заштита на културното наследство и со Законот за култура.
☐Професионална биографија на раководителот на проектот, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.
☐Портфолио, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (за правни лица).

**3.2. Збогатување (откуп) и водење на музејски збирки (за овие проекти може да конкурираат само локални музеи), со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**
☐Докази за исполнување на условите утврдени со Законот за музеи, со Законот за заштита на културното наследство и со Законот за култура.

**3.3. Унапредување на условите во музеите за соодветно депонирање и изложување на музејските збирки (за овие проекти може да конкурираат само локални музеи), со максимален износ на финансиска поддршка до 400 000 денари**
☐Докази за исполнување на условите утврдени со Законот за музеи, со Законот за заштита на културното наследство и со Законот за култура.

**3.4. Заштита на нематеријалното културно наследство преку создавање фонотечни записи (за овие проекти може да конкурираат само овластени субјекти за заштита на нематеријално културно наследство), со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**

ПРИМЕРОК

☐Докази за исполнување на условите утврдени со Законот за музеи, со Законот за заштита на културното наследство и со Законот за култура.

**4. За презентација и промоција на културното наследство:**

**4.1. За организација и реализација на изложби од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство, со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**

☐ Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа и/или авторски договори со кои се потврдува реализација или учество во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.

☐Професионална биографија на раководителот на проектот, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.

☐Портфолио, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (за правни и за физички лица).

☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува учество.

**4.2. За подготовка и издавање на публикации од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (завршени истражувачки трудови, каталози, монографии, списанија, збирки итн.) со максимален износ на финансиска поддршка до 250 000 денари**

☐Доказ за издадена публикација (CIP и ISBN-број), од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.

☐Докази за исполнување на посебните услови што се наведени во пријавата од Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност за 2026 година (во делот на задолжителни документи).

**4.3. За организација и реализација на проекти и програми за презентација и негување на нематеријалното културно наследство (за овие проекти може да конкурираат само овластени субјекти за заштита на нематеријално културно наследство и носители, односно преносители на нематеријално културно наследство, кои како такви се евидентирани со актот за заштита), со максимален износ на финансиска поддршка до 350 000 денари**

☐ Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа и/или авторски договори со кои се потврдува реализација или учество во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.

☐Професионална биографија на раководителот и на учесниците во проектот, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.

☐Портфолио, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (за правни лица).

ПРИМЕРОК

☐Документација со која се потврдува дека учесникот на Конкурсот е овластен субјект за заштита на нематеријалното културно наследство.

**4.4. Организација и реализација на проекти и програми за презентација и негување на нематеријалното културно наследство со меѓународен натпреварувачки карактер, со максимален износ на финансиска поддршка до 700 000 денари**

☐ Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа и/или авторски договори со кои се потврдува реализација или учество во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.

☐Професионална биографија на раководителот и на учесниците во проектот, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.

☐Портфолио, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (за правни лица).

☐ Решение за прогласување на нематеријално културно наследство/Акт за прогласено нематеријално културно наследство.

☐Доказ за учество на најмалку три држави.

☐Доказ за времетраење на манифестацијата од најмалку 3 дена (Предлог-програма).

**4.5. Популаризација и промоција (на стандарден и/или на иновативен начин) на различните видови културен туризам, со максимален износ на финансиска поддршка до 350 000 денари**

☐ Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа и/или авторски договори со кои се потврдува реализација или учество во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.

☐Професионална биографија на раководителот и на учесниците во проектот, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.

☐Портфолио, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (за правни и за физички лица).

**4.6. Традиционални карневали, со максимален износ на финансиска поддршка до 1 500 000 денари**

☐ Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа и/или авторски договори со кои се потврдува реализација или учество во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 5 (пет) години.

☐Професионална биографија на раководителот и на учесниците во проектот, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство.

☐Портфолио, со што се потврдува работното искуство во реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (за правни и за физички лица).

ПРИМЕРОК

| |
|---|
| ЗАБЕЛЕШКА: **Подносителот на пријавата може да достави и линкови до наведените содржини (плакати, фотографии, видеа, аудиоснимки и сл. со кои се потврдува реализацијата на проектот/учество во претходно реализирани проекти)**<br>**Линк:** |

| | |
|---|---|
| 8. ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА **(да се обележи празниот квадрат со х)** | |
| ☐ **Под целосна морална и кривична одговорност изјавувам дека податоците во пријавата и документите прикачени кон неа се точни и вистинити.** | |
| Датум: | Подносител на пријавата<br>(име и презиме) |
| Потпис | |

ПРИМЕР